# I. Економски движења во Република Македонија

## Основни индикатори за економските движења

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | месец | | | во % | |
| **Трошоци на животот** | XII.2003 | - | 0,5 | 2,6 | 1,2 |
| **Цени на мало** | XII.2003 | - | 0,3 | 2,9 | 2,4 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | XII.2003 | - | 0,2 | -0,2 | -0,3 |
| **Индустриско производство** | XII.2003 | - | -20,7 | -8,6 | 4,7 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Вкупен промет во трговија** | XI.2003* | 11.526 | -11,6 | 11,7 | 21,6 |
| **Извршени градежни работи** | XI.2003* | 507 | -16,7 | 2,2 пати | -8,5 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | XI.2003* | 11.878 | -2,2 | 1,5 | 4,9 |
| **Реална просечна нето плата** | XI.2003* | - | -2,8 | -0,4 | 3,8 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | XII.2003 | 4.420 | 4,0 | -28,8 | -7,6 |
| **Буџетски расходи** | XII.2003 | 6.778 | 49,3 | -13,2 | -13,9 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии.
*Последен расположлив податок

## 1.1. Цени

*Во декември 2003 година трошоците на животот беа повисоки за 0,5% на месечна основа...*

Трошоците на животот, како мерка за стапката на инфлација во декември 2003 година беа повисоки за 0,5% на месечна основа. Порастот се должи на зголемените трошоци за тутун и пијалоци и за исхрана за 2,2% и за 0,8%, соодветно, условени од порастот на цените на алкохолните пијалоци, односно од повисоките цени на земјоделските производи. Кај останатите категории трошоците остварија минимален пораст или останаа непроменети. Структурно набљудувано, трошоците за стоки беа повисоки за 0,6%, додека трошоците за услуги се задржаа на нивото од претходниот месец. На годишна основа, трошоците на животот беа повисоки за 2,6%, првенствено како одраз на порастот на трошоците за услуги (5,9%). Просечната стапка на инфлација во 2003 година изнесуваше 1,2%, што е под проектираното ниво, а споредено со просечната стапка во 2002 година е пониска за 0,6 процентни поени. Притоа, највисок просечен пораст во 2003 година е регистриран во рамки на трошоците за домување кај трошоците за огрев и осветлување од 4,4%, согласно зголемените цени на електричната енергија и кај трошоците за сообраќајни средства и услуги од 4,2%, во согласност со повисоките цени на ПТТ услугите, додека единствен пад е регистриран кај трошоците за исхрана од 1,4%.

*...со што просечната стапка на инфлација во 2003 година достигна 1,2%, што е под проектираното ниво*

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




*Кај цените на мало во декември 2003 година е регистриран месечен пораст од 0,3%...*

Во последниот месец од 2003 година, цените на мало беа повисоки за 0,3% на месечна основа. Порастот е условен од повисоките цени на земјоделските производи за 2,8%, поради сезонски зголемените цени на зеленчукот за 7,0%, додека цените на овошјето беа пониски за 2,5%. Зголемување на цените е регистрирано и кај пијалоците за 4,1%, детерминирано од повисоките цените на алкохолните пијалоци за 6,2%. Структурно анализирано, цените на стоките беа повисоки за 0,4%, додека цените на услугите се задржаа на нивото од претходниот месец. Годишниот пораст на цените на мало изнесуваше 2,9% и во основа беше детерминиран од повисоките цени на услугите. Притоа, во 2003 година, цените на мало во просек беа повисоки за 2,4% во споредба со 2002 година, при висок просечен пораст на цените на пијалоците од 5,6% и пораст од 1,8% на цените на непрехранбените индустриски производи, наспроти регистрираното намалување на цените на земјоделските производи од 2,4% и цените на индустриско прехранбените производи од 1,1%.

*...при просечен пораст во 2003 година од 2,4%*

Графикон 2
Цени на мало
(во %)




*Цените на производителите на индустриски производи во декември 2003 година остварија месечен пораст од 0,2%...*

Кај цените на производителите на индустриски производи во декември 2003 година е регистриран месечен пораст од 0,2%, условен од зголемените цени на производителите на интермедијарни производи (освен енергија) за 1,6%. Секторски набљудувано, во секторот вадење на руди и камен и во преработувачката индустрија цените на производителите беа повисоки за 0,6% и 0,3%, соодветно, додека цените на производителите во секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода се задржаа на нивото од претходниот месец. На годишна основа, цените на производителите на индустриски производи беа пониски за 0,2%, а во просек во 2003 година беа пониски за 0,3%. Просечниот пад се должи на намалените цени на производителите на капитални производи и на производителите на нетрајни производи за широка потрошувачка за 1,4% и 0,9%, соодветно.

*...додека во просек во 2003 година беа пониски за 0,3%*

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)

